**Капитал ексклузивно на најголемиот берзански настан во регионот во Загреб**

# ГРАНИТ, АЛКАЛОИД И КОМЕРЦИЈАЛНА БЛЕСНАА ПОКРАЈ ГОЛЕМИТЕ СОСЕДИ!




**Минатата недела во Загреб се одржа првата заедничка конференција на осумте берзи во регионот - Regional SEE Capital Markets day. Осмислена како road show на компаниите од регионот, оваа еднодневна конференција ги најави следните заеднички проекти на берзите од регионот- формирање на два заеднички берзански индекси, од кои едниот ќе се тргува и креирање на заеднички веб портал, кој до крајот на годината ќе го изработи Македонска берза**

**Маја Бајалска**
**специјално за Капитал од Загреб**
bajalska@kapital.com.mk

Над 100 компании од осумте берзи во регионот (Скопска, Белградска, Загрепска, Љубљанска, Сараевска, Бањалучка, и двете црногорски берзи) минатата недела во еден ден одржаа повеќе од 160 состаноци во хотелот Шератон, во рамки на првиот Regional SEE Capital Markets day

Фонд менаџери, брокери, финансиски аналитичари, банкари и разни берзански работници од целиот регион на Југоисточна Европа, уште рано утрото на единаесетти јуни го исполнија лобито на хотелот Шератон сместен во центарот на Загреб. Портирите на влезот од хотелот брзо ги преземаа куферите од рацете на забрзаните гости дотерани во деловни костими, кои на настанот пристигнуваа директно од загрепскиот аеродром Зрачна Лука.

Домаќинот на Првата заедничка конференција на пазарите на капитал од регионот на Југоисточна Европа, Загрепската берза, го отвори настанот со говор на својот директор Роберто Матушиќ.



Венко Зафиров, член на Управниот одбор на Гранит, најави дека градежната компанија очекува наскоро да добие тендер на Косово за изградба на патишта по пат на концесионерство. Зафиров не ја откри сумата на потенцијалниот договор.



"За нас секоја шанса за презентација е добредојдена, затоа што Алкалоид е компанија која се повеќе се позиционира кон извозот. Транспаретна компанија сме и сакаме да ги користиме сите шанси да & се преставиме на јавноста надвор од Македонија. Овде на едно место се собира целата берзанска индустрија од регионот, како и најпретставителните компании од Балканот, што е добра можност и за нас да се преставиме во вистинско светло", вели Живко Мукаетов, генералниот директор на Алкалоид, за очекувањата од конференцијата.

Веднаш потоа почнаа и компаниските презентации, кои во текот на целиот ден паралелно, со траење од по половина час, се одвива во две посебни конференциски сали.
Мразот го скршија словенечката транспортна компанија Интереуропа и хрватската прехранбена групација Атлантис Груп. Потоа следеа и преставувањата на Лука Копер, Магма, Ина, Енергопројект, Петрол, Тигар, Гранит, Горење, Ингра, Алкалоид, Телеком Српске, Подравка, Аик банка, Сојапротеин, Комерцијална банка, Виро, Металс банка, Хрватски телеком, Телеком Словенија, Босналијек... Вкупно 24 компании излагачи.
Гостите кои одлучија да ги следат претставувањата на компаниите останаа во салите, но голем дел од финансискиот свет за кусо време се раштрка низ хотелот. Некои од учесниците едноставно не сакаа да губат време и веднаш "се фрлија во бизнис".
Иако настанот се одржуваше во долниот тракт од хотелот, најважните контакти компаниите всушност ги остварија во специјалните соби за состаноци на првиот кат на загрепски Шератон. Таму, во текот на целиот ден, се одржуваа состаноци лице в лице меѓу компаниите и потенцијалните инвеститори.
Дел од нестрпливите бизнисмени одлучија да разговараат во поопуштена атмосфера, во пијано - барот на хотелот.
Тезата дека бизнисмените од овие простори посигурно се чувствуваат кога комуницираат неформално, уште еднаш го докажа метежот што се создаде во лобито на хотелот за време на паузата за ручек. По неколку часа работа, храната ги собра повторно сите финансиски работници на едно место. Разговараа додека јадеа, разменувајќи ги визит-картичките и најновите информации за дневните случувања на пазарите на капитал.



"Оваа конференција за Комерцијална банка дојде точно во вистинскиот момент. Ако ова беше период на подем на пазарот, ќе беше лесно да се привлечат инвеститори и без големи презентации и кажувања за тоа какви резултати очекуваме. Но, во ваков момент, за некој кој излегува со нова емисија на акции во релативно незгодно време, ваква конферецијa е вистинска можност пред инвеститорите да се прикажат сите аспекти од работењето на компанијата. Да ги убедиме дека банката е во добра форма и дека нејзиниот нагорен тренд продолжува, без оглед на случувањата на берзата и осцилациите на цената. Според ова, очекувањата ни се дека од контактите со инвеститорите евентуално би ни се зголемил бројот на купувачите на новата емисија акции", објаснува Маја Стевкова-Штериева, главен финансиски директор на Комерцијална банка.



Игор Опенхајм, претседател на Управата на хрватска Ингра, најави дека договориле нова бизнис зделка во Алжир, за изградба на најголемото пристаниште во оваа држава досега, во вредност од 80 до 100 милиони евра. Која ќе биде улогата на Маврово во овој бизнис останува да видиме.

**Гранит, Алкалоид и Комерцијална "блеснаа" меѓу големите соседи**
Дека презентациите на трите македонски компании што учествуваа на настанот беа во фокусот на вниманието на регионалните инвеститори, покажа големата посетеност на нивните презентации.
Мали во друштво на големите српски и хрватски групации, но сепак големи, се покажаа македонските излагачи Гранит, Алкалоид и Комерцијална банка. За првпат во оваа форма трите македонски компании имаа подготвено детални компаниски профили за постигнатите финансиски резултати, како и за нивните планови за развој на бизнисот.

Прва, од Македонската берза, беше презентацијата на Гранит која ја водеше Венко Зафиров, член на Управниот одбор на градежната компанија.
Зафиров не испушти да ги спомене моментално најголемите проекти на кои работи компанијата, како што се изградбата на американската амбасада во Скопје, новиот проект за изградба на автопат во Украина кој вреди 53 милиони евра, изградбата на скопски ЕРА Сити. Покрај ова, Зафиров најави дека компанијата наскоро очекува да добие нов проект за изградба на патишта на Косово по пат на концесионерство.
А за бизнисот на градежната компанија на конференцијата во Загреб живо се заинтересираа од хрватското друштво за управување со фондови Проспектус Инвест. Нивните претставници по презентацијата, разговараа и со генералниот директор на Гранит Страшо Милковски.

И презентацијата на најголемата македонска фармацевтска куќа Алкалоид беше исклучително добро подготвена. Директорот на секторот за корпоративни работи во Алкалоид Никола Мизо, потенцира дека целта на компанијата е да го развива фармацевтскиот оддел и сегментот на билкарство и козметика. Таргетот на Алкалоид е до 2010 година вкупната продажба на компанијата да достигне вредност од 100.000 евра.
Мизо повторно ја нагласи познатата стратешка цел за идниот развој на компанијата – а тоа е купување на фармацевтска компанија во странство.
Го прашавме генералниот директор Живко Мукаетов, дали има зантересирани инвеститори за преземање на Алкалоид?
"Алкалоид е многу интересен за големите генерички светски производители и за многу фондови. Но, ние цениме дека во моментов има огромен простор за ширење на компанијата и сметаме дека е мудро сега да се влезе во улогата на ловец, а не на ловен. Затоа цениме дека е време кога компанијата треба да се шири и технолошки и со купување на компанија надвор, а дека можеби во некое идно време би дошла некоја обратна ситуација", објасни Мукаетов.

Комерцијална банка презентацијата ја одржа во подоцнежните попладневни часови, но тоа не ги спречи инвеститорите да покажат голем интерес за перформансите на оваа македонска банка.
Кај инвеститорите интерес предизвика новата емисија- акции вредна речиси 50 милиони евра, која банката ја најави во март годинава.

Главната финансиска директорка на Комерцијална банка Маја Штериева најави дека на следниот надзорен одбор ќе се утврди конечната цена на акциите во новата петта емисија акции на Комерцијална, која ќе се распише во септември. Инаку, на Собранието на акционери банката го утврди распонот на цените на акциите во новата емисија, кои ќе чинат од 6.500 денари до 7.500 денари.
"Најверојатно цената ќе биде кон долната граница, со оглед на постојната цена на акцијата на берзата", вели Штериева.
Таа нагласи дека приоритет им е да остварат контакти со големите меѓународни институционални инвеститори, како што е ИФЦ на пример.
"Од нив не очекуваме да влезат со некои големи суми капитал во новата емисија, туку едноставно сакаме нивното инвестирање во нашата емисија акции да даде позитивен сигнал и за другите инвеститори. Од аспект на тоа дека земјата е стабилна и сигурна, затоа што после тие немили настани кои се случија за време на изборите, имаше извесни стравувања кај инвеститорите", вели Штериева.

**Два заеднички индекси и веб- портал**
Осумте берзи во регионот (Скопска, Белградска, Загрепска, Љубљанска, Сараевска, Бањалучка и двете црногорски берзи) на Regional SEE Capital Markets day во Загреб ги потврдија идеите за заедничката соработка најавени лани во Скопје, кога петте берзи, без црногорските и босанските, потпишаа Меморандум за соработка.
Полињата на оваа соработка, како што соопштија во Загреб директорите на берзите, ќе бидат две: Изработка на заеднички регионални берзански индекси и креирање на заеднички веб- портал. Крајната цел на соработката е целосно спојување на берзите, за така да станат повидливи за големите странски инвеститори. Но, засега оваа идеја е тешко да се оствари, првенсвено поради фактот што осумте берзи имаат различна регулатива, предупредија директорите.
Изработката на индексите ќе биде задача на Белградска берза. Според најавите на директорката на српската берза Гордана Достаниќ, еден од индексите ќе биде benchmark индекс, кој ќе го покажува движењето на акциите на одреден број компании, а другиот ќе биде bluechip индекс, составен од најликвидните акции на најголемите регионални компании. Овој втор индекс ќе се тргува и како што потенцира Достаниќ, од претставниците на загрепскиот настан може да се претпостави кои компании ќе влезат во составот на двата индекса.
"Моментално се работи на методологијата, а во септември годинава ќе има првични информации за индексите", рече Достаниќ.
Изработката на заедничкиот веб-портал ќе биде во надлежност на Македонска берза. Директорот на Македонска берза Иван Штериев најави дека порталот ќе биде готов до крајот на оваа година, а ќе содржи интегрирани податоци за сите берзи во регионот. Порталот ќе биде информативен, односно преку него нема да може да се даваат налози за тргување.
Инаку, покрај овие road- show-а што се случија во Загреб минатата недела, берзите испланирале заеднички да се претстават и пред меѓународните инвеститори.
"Првите меѓународни презентации ќе ги направиме, со помош на Raifaisen банка, како партнери, а треба да се случат во октомври годинава", рече Марко Симонети, директор на Љубљанската берза.
А според најавите на загрепските домаќини, следната вакква регионална конференција ќе се одржи во Белград, следната година.